РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МЕЃУНАРОДЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ВЕРСКИТЕ СЛОБОДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

Извршно резиме

Уставот ја забранува верската дискриминација и ја гарантира слободата на верата и правото на верско изразување. Тој обезбедува еднаквост пред законот за сите граѓани, без разлика на нивните верски убедувања. Во Уставот се наведени називите на пет верски заедници; останатите религиозни групи можат да побараат регистрација кај соодветните државни органи, со цел, да ги уживаат истите придобивки што им припаѓаат на петте именувани заедници. Надлежниот суд за регистрација на верски субјекти одобри две од поднесените барања за регистрација, а за уште две, сè уште нема донесено конечна одлука. Во месец март, на крајот на повтореното судење, судот донесе осудителна пресуда против архиепископот на Православната охридска архиепископија (ПОА), изрекувајќи му седум месечна затворска казна, во која му го засмета и времето минато во притвор, истовремено издавајќи наредба за негово пуштање на слобода. Судот донесе и одлука, согласно која државата доби право да го конфискува земјиштето во сопственост на ПОА, во вредност од 140,000 Евра ($168,000), што подоцна беше и сторено. ПОА и понатаму остана безуспешна во напорите да биде регистрирана како верски субјект. Во месец ноември, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) донесе пресуда според која, одлуката на државните органи да не извршат регистрација, е оценета како повреда на правата на ПОА и со истата, државата беше задолжена да плати парична казна во полза на ПОА. Во текот на годината, државните органи не извршија никаков поврат на претходно одземените имоти што порано биле во сопственост на верските заедници. Исламската верска заедница во Македонија (ИВЗ) тврдеше дека државата ја фаворизира Македонската православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ-ОА), додека помалите верски групи тврдеа дека во споредба со петте верски заедници наведени во Уставот, тие не уживаат ист третман од страна на државата. Граѓанските организации и малцинските верски заедници ја обвинија претходната власт, чие владеење заврши во месец јуни, дека извршила политизација на верата.

Во месец март, ИВЗ прогласи целосна сопственост и контрола над комплексот, кој Заедницата на Суфиите - Бектеши во Македонија (од Тетово) го користеше како своја резиденција. Бектешите се спротивставуваа на плановите на ИВЗ за реновирање на комплексот и тврдеа дека се вознемирувани од лица поврзани со ИВЗ. Имаше случаи на антисемитски говор на социјалните медиуми, а одредени поединци фрлаа печатени материјали со антисемитска содржина во дворот од зградата во која се наоѓаат службените канцеларии на Еврејската заедница. Се случија и неколку инциденти на вандализам и кражби на имот од православните цркви, еден случај на вандализам на православни гробишта и еден инцидент, во кој беше ограбена една џамија.

Амбасадорот на Соединетите американски држави, како и други службени лица од амбасадата, оствариј средби со претставници од Владата и Собранието, на кои се разговараше за прашања поврзани со верските слободи. Амбасадорот оствари средба и со Министерот за правда, на која се дискутираше за нацрт законските акти за

кривичните дела од омраза, вклучувајќи ги и оние извршени од верски причини. Амбасадорот се сретна и со Претседателот на Владата, Министерот за внатрешни работи и со Координаторот за борба против тероризам и со нив разговараше за меѓуверската толеранција, важноста на отворениот дијалог и партнерствата со верските лидери, во борбата против насилниот екстремизам. За овие теми, исто така, Амбасадорот разговараше и со поглаварите на ИВЗ и МПЦ-ОА, како и со поглаварот на Евангелско - методистичката црква во Струмица. Претставници од амбасадата остварија средби со поголем дел од малцинските верски групи, меѓу другите и со припадниците на Бектешката заедница и останатите христијански малцински заедници, како и со претставниците на Хелсиншкиот комитет во земјата и невладините организации, активни во сферата на верските слободи. Амбасадата ги поддржа образовните програми за Холокаустот, а беше спонзор и на патувањата во Соединетите држави за поголем број владини и претставници од граѓанскиот сектор, кои зедоа учество во различни програми, чија цел е унапредувањето на верската толеранција. Амбасадата финансиски поддржа и изработка на една телевизиска документарна серија, во која зедоа учество повеќе истакнати верски лидери, академски и други граѓани, а која имаше за цел да ја унапреди толеранцијата меѓу различните етнички, јазични и верски заедници.

Дел 1. Верска демографија

Според проценките на Владата на САД, вкупниот број на население во државата изнесува 2.1 милиони (во месец јули 2017 година). Според податоците од последниот попис спроведен во 2002 година, 65 проценти од вкупното население се православни христијани, а 33 проценти муслимани. Муслиманското население вклучува и мал број припадници на исламскиот Суфи – ред. Останатите верски заедници заедно учествуваат со помалку од 2 проценти во севкупното население, а меѓу нив се католиците, припадниците на различните протестантски групи, Јеховините сведоци и Црквата на Исус Христос на светците од подоцнежните дни (Мормоните). Според податоците на Еврејската заедница, во земјата има околу 200-250 Евреи. Според анкетата на Брима Галуп спроведена во месец април, 1 процент од населението се изјасниле како атеисти.

Најголемото мнозинство од муслиманите се Сунити и повеќето од нив живеат во северните и западните делови од земјата. Мнозинството православни христијани ги населуваат централните и југоисточните региони. Постои меѓусебна поврзаност помеѓу етничката и верската припадност на населението: мнозинството православни христијани се етнички Македонци, додека пак најголемиот дел од муслиманите се етнички Албанци. Мнозинството Роми, како и речиси сите етнички Турци и Бошњаци се муслимани, додека најголемиот број Срби и Власи се православни христијани. Постои взаемна врска и помеѓу верската припадност и политичката ориентација, имајќи предвид дека поделбата на политичките партии, во голема мерка ја следи линијата на етничката припадност.

Дел 2. Состојба во однос на почитувањето на верските слободи од страна на државата

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Правна рамка

Уставот забранува дискриминација по верска основа и гарантира еднаквост на правата за сите граѓани, без разлика на нивните верски убедувања. Тој ја гарантира слободата на вероисповедта и правото на поединците, слободно и јавно да ја изразуваат својата вера, поединечно или во заедница со други лица. Уставот го гарантира верскиот идентитет на националностите и заедниците во земјата. Во Уставот конкретно се наведени пет верски заедници: Македонската православна црква, Исламската верска заедница на Македонија, Католичката црква, Евангелско Методистичката црква и Еврејската верска заедница. Законите им овозможуваат и на другите верски организации да побараат признавање од страна на државата и преку судска регистрација, да се стекнат со истите законски права и статусот што им припаѓа на овие пет заедници. Во Уставот стои дека петте наведени заедници и "другите верски заедници и групи" се одвоени од државата и еднакви пред законот и се слободни во основањето верски училишта, добротворни организации и други социјални установи. Согласно Уставот, секое поттикнување верска омраза или нетолеранција од страна на политичките партии или други здруженија на граѓаните е забрането.

Верските организации можат да побараат да бидат регистрирани како "црква", "верска заедница" или "религиозна група". Ваквата класификација се заснова врз големината на групата, нејзината внатрешна организација и хиерархија. Според судската власт, законите обезбедуваат еднаков третман за овие три категории и за нив подеднакво важат истите законски права, бенефиции и обврски. Во државата законски се регистрирани 35 верски организации (од нив, 17 цркви, девет верски заедници и девет религиозни групи). Откако ќе се регистрира, црквата, верската заедница или групата, е ослободена од плаќање даноци и има право да бара поврат на имотот што бил национализиран во текот на комунистичкиот период, да учествува во проекти финансирани од страна на Владата и да бара издавање градежни дозволи за потребите на заштита и обнова на своите светилишта и културни објекти. Тие имаат можност и за основање верски училишта. Доколку верската организација не е соодветно регистрирана, тоа не значи дека ѝ е забрането да одржува состаноци или да стекнува нови следбеници или дека ќе биде законски или парично казнета, меѓутоа, може да ја оневозможи реализацијата на одредени нејзини активности, како на пример, основањето верски училишта или примањето донации што носат даночни ослободувања за донаторите.

Барањата за регистрација се поднесуваат до Основниот суд Скопје 2 во Скопје, а во рок од 15 работни дена, судот е должен да утврди, дали поднесеното барање на верската организација ги задоволува законските критериуми за регистрација. Критериумите го вклучуваат следново: физичко и административно присуство во земјата, објаснување за верските учења и практики што ги прават различни од останатите верски организации, како и единствен назив и службени ознаки и обележја. Организацијата што поднесува барање за регистрација, треба да го посочи и надзорното тело задолжено за нејзиното финансиско работење и да даде информации за финансиските средства на располагање и изворите на финансирање, како и записник од одржаното основачко собрание на организацијата. Законот дозволува регистрација на повеќе различни групи, кои припаѓаат на една иста вера. Лицата што се регистрираат како водачи или законски

застапници на религиозните групи, мораат да бидат државјани на Република Македонија.

Судот ги испраќа одобрените барања до Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ), како владин орган задолжен за негување на соработката и комуникацијата помеѓу државата и верските групи, која потоа ја внесува организацијата во својот регистар. Ако судот го одбие барањето за регистрација, организацијата може да ја обжали таквата одлука пред надлежниот апелационен суд. Доколку и апелациониот суд го одбие барањето за регистрација, тогаш организацијата може да поднесе барање за заштита на човековите права до Уставниот суд, како највисок суд во земјата задолжен за заштита на човековите права, повикувајќи се на повреда на верските права. Доколку Уставниот суд го одбие барањето, организацијата може да поднесе тужба до Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП).

Законот не им дозволува на верските организации да основаат верски основни училишта, меѓутоа, овозможува основање на верски средни училишта и образовни институции на повисоките образовни нивоа. Според образовната програма на Министерството за образование, сите ученици од шесто и повисоките одделенија, се должни да одберат еден од трите изборни предмети, при што, два од нив имаат религиозна содржина: Запознавање со религиите и Етика на религии. Според описот што го дава Министерството, овие предмети го обработуваат прашањето на религијата на академски и непобожен начин. Наставата вообичаено ја реализираат православни свештеници или имами, а трошоците за нивните плати ги покрива државата. Министерството за образование посочува дека сите наставни кадри по овие предмети, добиваат обука од овластени високо образовни институции, од страна на професори по филозофија или социологија. Доколку учениците не сакаат да учат некој од верските предмети, тогаш на располагање имаат и трета опција, односно предметот Класична култура во европската цивилизација.

Секој странски државјанин кој влегува во земјата, со цел, да се вклучи во религиозни активности или да врши верски обреди и церемонии, мора да обезбеди работна виза пред пристигнувањето во државата, за што вообичаено се потребни околу четири месеци. КОВЗРГ води евиденција за сите странски верски претставници присутни во земјата и таа може да им одобри или забрани на овие лица, да спроведуваат религиозни активности во државата. Работните визи имаат важност од шест месеци, со можност за нивно продолжување за дополнителни шест месеци. Секое евентуално дополнително обновување на работната виза, е со времетраење од една година. Не постојат никакви ограничувања во однос на бројот на дополнителните барања за продолжување на визата, поднесени од страна на верските претставници. Виза може да им биде издадена и на свештени лица и верски претставници од нерегистрираните верски организации.

Државата е потписничка и членка на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.

Владини практики

Резиме: Во месец март, судот донесе осудителна пресуда за перење пари за архиепископот што ја предводи ПОА и одлучи дека државата може да изврши

конфискација на земјиштето на ПОА, што беше и сторено. Согласно пресудата на ЕСЧП, државата ги повредила правата на ПОА, затоа што одбила да изврши нејзина регистрација и затоа судот ја задолжи државата, на верската група да ѝ исплати надомест на штета во износ од 9,500 Евра ($11,400). Надлежниот суд изврши регистрација на две верски групи, а за уште две поднесени барања сè уште се води постапка. Во текот на годината, државата не изврши поврат на ниту еден од претходно одземените имоти во полза на верските групи. Според наводите на ИВЗ, државните органи и понатаму продолжуваат со блокирање на изградбата на џамија во Лажец и реконструкцијата на џамијата во Прилеп. Една предучилишна образовна институција беше затворена, откако надлежните органи извршија контрола во истата во месец јули и заклучија дека таму се одвивале верски активности, без соодветно одобрение. По извршената интервенција од страна на Народниот правобранител, во едно од училиштата беше укината забраната за носење шамии од страна на учениците. Помалите верски групи тврдеа дека не уживаат еднаков третман од страна на државата, а претставниците на ИВЗ посочуваа дека државата ја фаворизира МПЦ-ОА. Граѓанските организации и помалите верски групи ја обвинија претходната власт, предводена од Внатрешно македонската револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), за политизација на верата и мешање во верските прашања. Верските претставници од МПЦ-ОА учествуваа во политичките настани организирани од страна на ВМРО-ДПМНЕ, додека претставниците на ИВЗ земаа учество во давањето поддршка на политичките партии Демократска унија за интеграција (ДУИ) и Движењето Беса.

Според мислењето на различни универзитетски професори, лидери на невладини организации (НВО) и правни и политички аналитичари, верските разлики и понатаму имаат своја улога во кривичните и граѓанските постапки пред судовите. Во месец март, Основниот суд во Скопје донесе осудителна пресуда против водачот на ПОА, архиепископот Јован Вранишковски, за сторено дело перење пари. Судот му изрече затворска казна во времетраење од седум месеци, а за другите двајца обвинети донесе ослободителни пресуди. Освен тоа, судот донесе и одлука, согласно која државата доби дозвола да изврши конфискација на земјиштето на ПОА, чија вредност беше проценета на износ од 140,000 Евра ($168,000), што подоцна беше и сторено. Судот потоа издаде наредба Вранишковски да биде пуштен на слобода, затоа што при одмерувањето на казната, во истата го засмета и времето кое тој го одлежа во затвор поради неговата претходна осудителна пресуда за истото кривично дело. Вранишковски првично беше осуден за перење пари во 2015 година, меѓутоа, Врховниот суд ја укина осудителната пресуда и го врати предметот на повторно судење пред понискиот суд. ПОА ја обвини државата за пристрасност во случајот, тврдејќи дека претходната влада му наложила на судот “да го осуди Вранишковски по секоја цена”, додека неговиот адвокат обвинуваше дека во постапката се сторени повеќе повреди на материјалното и процесно право. Меѓу другото, тој го посочи фактот дека првостепениот суд не ги зел предвид препораките на Врховниот суд, во однос на потребата да се утврди потеклото на набавениот имот и паричните средства, како и евентуалното мешање на политиката во предметот и причината за непостоење на судска пресуда во писмена форма.

Истовремено, Православната охридска архиепископија беше во исчекување на пресудата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), во врска со нејзиното барање да

биде регистрирана како верска организација што беше одбиено од домашните судови, со правно образложение дека не успеала да ја докаже разликата помеѓу нејзиниот назив и обележја и оние на МПЦ-ОА. На 16 ноември, ЕСЧП донесе пресуда во полза на ПОА, наведувајќи дека со самото одбивање да ја регистрира ПОА (инаку во земјата вообичаено позната под називот "Црквата на расчинетиот владика Јован Вранишковски") како посебна верска група, државата го повредила правото на ПОА за слобода на здружување и собирање и слобода на мислите, совеста и верата. Понатаму во пресудата, ЕСЧП наведува дека државата ја повредила Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на човековите права и основните слободи, која ја вклучува и обврската за неутрално постапување и непристрасен третман на сите верски групи. Со пресудата на ЕСЧП, државата беше задолжена на ПОА да ѝ исплати и надомест на штета во износ од 4,500 Евра ($5,400), како и дополнителен износ од 5,000 Евра ($6,000), по основ на надомест за судски трошоци. На крајот на годината, државата сè уште ги немаше исплатено овие средства.

Бектешката заедница во Македонија (Тетово), инаку дел од исламскиот Суфи - ред, и понатаму ја очекуваше пресудата на ЕСЧП во врска со поднесената жалба од 2013 година, во која бара поништување на одлуката на Уставниот суд за одбивање на нејзината регистрација. Според извештаите на Хелсиншкиот комитет, ЕСЧП сè уште нема донесено одлука во предметот за Бектешите, затоа што истиот го разгледува паралелно со уште три други случаи од слична природа, пред да донесе конечна пресуда. Бектешката заедница посочи дека службен претставник од ЕСЧП ги посетил во текот на годината, при што се водела дискусија за конкретниот предмет. Надлежните државни органи продолжија со издавањето визи за странските припадници и духовни лидери на Бектешката заедница во Македонија (Тетово).

Во месец мај, Основниот суд Скопје 2 ја одобри регистрацијата на Сиентолошката црква во Македонија и религиозната група Дом на молитва. На крајот на годината, судот сè уште немаше донесено одлука во врска со поднесените барања за регистрација од страна на Христијанската верска заедница во Македонија и Муслиманската заедница.

Во месец август, ПОА издаде соопштение за јавноста во кое се повикува на Меѓународниот извештај на владата на САД за верските слободи во земјата за 2016 година, цитирајќи ги наводите од истиот во врска со изречената затворска казна за владиката Вранишковски и тврдењата на Хелсиншкиот комитет дека станува збор за политички затвореник. Соопштението се повикува и на одредени наводи содржани во извештајот, за тврдења од различни извори, според кои, верските разлики имаат своја улога во кривичните и граѓанските постапки пред судовите, како и наводите на одредени верски групи за фаворизирање на МПЦ-ОА од страна на државата.

Во текот на годината, државните органи не извршија никаков поврат на претходно одземените имоти што порано биле во сопственост на верските заедници, а некои од нив, вклучувајќи ги и муслиманската и католичката заедница, посочуваа дека враќањето на претходно конфискуваниот имот од страна на државата и понатаму претставува проблем. На пример, според наводите на ИВЗ, државата извршила поврат само на 15 проценти од целокупниот имот што државата го има конфискувано во минатото и таа сè уште се обидува да ја поврати сопственоста над Јени џамијата во Битола, која била

прогласена за верски споменик на културата и преминала во сопственост на државата во 1950 година. Католичката црква, исто така, сè уште бараше од државата да изврши поврат на нејзиниот имот што бил одземен пред комунистичката ера во селото Паљурци на југот од земјата, за да изгради црква и манастир. Судскиот спор во врска со имотот во Паљурци трае веќе 10 години.

Според тврдењата на ИВЗ, државата и понатаму ја спречува изградбата на џамија во селото Лажец, со мешан етнички состав на населението, не сакајќи да издаде дозвола за градба, поради притисокот од локалното население кое е против изградбата на џамијата. ИВЗ информираше и за континуираните напори на државните органи за блокирање на реконструкцијата на џамијата во Прилеп, која изгоре до темел за време на вооружениот конфликт во 2001 година. Според ИВЗ, надлежните државни органи одбиле да издадат дозвола за повторна изградба на џамијата, со објаснување дека нејзината локација во Прилеп претставува верски споменик на културата, под државна надлежност. Според наводите на ИВЗ, локалната власт во Крива Паланка, исто така, се спротивставува на изградбата на џамија во овој град.

Според наводите на МПЦ-ОА, општинските власти во Струга немаат издадено дозвола за изградба на православна црква во селото Белица, додека општинските власти во Тетово, одбиваат да го изградат патот што води до градската капела. Ова барање е поднесено до општината уште во 2013 година.

Во месец јули, Министерството за труд и социјална политика започна истрага во врска со една нерегистрирана муслиманска верска предучилишна установа. При првата инспекциска посета, претставниците од Министерството забележале дека “децата во установата и двајцата учители, потврдиле дека верските активности се дел од предучилишната образовна програма” што е спротивно на законот. ИВЗ ја осуди “злоупотребата на децата” и посочи дека ќе ги искористи сите институционални можности, за да се спротивстави на основањето на незаконски установи од овој вид. Предучилишната установа потоа беше затворена, без дополнителни интервенции од страна на надлежните државни органи.

Во месец септември, Комисијата за заштита од дискриминација, инаку владин советодавен орган, чии членови ги бира Собранието, заедно со Народниот правобранител, утврди дека учениците муслимани во основното училиште во Охрид биле предмет на дискриминација, поради нивните верски убедувања и начин на облекување, откако им било посочено дека не можат да носат шамии на училиште. По интервенцијата од канцеларијата на Народниот правобранител, училиштето ја повлече забраната и им дозволи на учениците да ја посетуваат редовната настава.

Според тврдењата на ИВЗ, власта е благонаклонета кон МПЦ-ОА, која ужива единствени привилегии, како на пример, можноста за користење јавен имот и средства без надомест, финансирање на изградба на нови православни цркви и ексклузивни покани за нејзините претставници, за присуство на различни владини настани и прослави. МПЦ-ОА ги негираше таквите наводи за фаворизиран третман, истовремено посочувајќи дека е можно да се извлече таков впечаток, затоа што станува збор за најголемата верска

заедница во земјата. Дополнително, МПЦ-ОА негираше било каква поврзаност со претходната влада на ВМРО-ДПМНЕ, наведувајќи дека воопшто не се меша во политика.

Помалите верски организации, како на пример Јеховините сведоци, Евангелската црква, Бектешката заедница (Тетово) и Православната охридска архиепископија, и понатаму сметаат дека власта кон нив не се однесува на ист начин, како што тоа го прави кон петте верски организации признати со Уставот. На пример, тие тврдат дека државата ги исклучува од некои официјални случувања, како на пример, службени настани за прослава на национални празници или свечени церемонии на поставување камен темелници за владини објекти и дека не добиваат подеднаква можност за пристап до владините функционери. Припадниците на ПОА и Бектешите, како нерегистрирани заедници, се жалат дека се често изложени на дискриминација и заплашување.

Одредени групации во рамки на граѓанското општество, како што е на пример Хелсиншкиот комитет, како и помалите верски заедници, вклучувајќи ја и Евангелско - Протестантската црква и Бектешите, тврдеа дека претходната влада на ВМРО-ДПМНЕ се меша во верските прашања и често ја политизира верата. Според извештаите во медиумите, свештените лица од МПЦ-ОА учествувале на различни собири и политички настани во поддршка на власта, вклучувајќи и протести, пред формирањето на новата влада, која ја презема власта на 1 јуни, како и на различни настани во рамки на изборната кампања на ВМРО-ДПМНЕ, пред локалните избори одржани во месец октомври. Некои други политички партии и граѓански организации тврдеа дека МПЦ-ОА не ја почитува владината забрана за мешање на верските организации во државните работи. Медиумите известуваа и за учество на претставници од ИВЗ на различни настани во поддршка на етничката албанска партија ДУИ и во помал обем, на настаните организирани од страна на Движењето Беса. Во извештајот од месец јуни, во врска со теренските истражувања во однос на нивото на верска толеранција, спроведени заеднички од страна на Институтот ЗИП, Македонскиот центар за меѓународна соработка и Civica Mobilitas, се говори за наводни злоупотреби на верскиот дискурс и политизирање на верските компоненти, за што во основа се обвинети МПЦ-ОА и ИВЗ. Освен тоа, заклучокот од заедничката анкета спроведена од страна на Институтот за политички истражувања од Скопје и Фондацијата Конрад Аденауер, беше дека политичките партии, а особено Движењето Беса, ја користат религијата за политички цели.

Еден доктор муслиман од Гостивар се жали на третманот од граничната полиција, која континуирано го изложува на вознемирување и непотребно испитување, за последен пат во месец септември, поради неговата долга брада и кратки панталони што ги носи од верски причини, што е причина за одолговлекување на неговото минување на државната граница, при секој влез и излез од земјата.

Во периодот помеѓу јуни и јули, по истекот на важноста на потпишаниот меморандум за разбирање помеѓу Владата и Саудиска Арабија, Министерството за надворешни работи беше посредник во преговорите помеѓу ИВЗ и саудиската влада, со цел, да им се овозможи на аџиите да добиваат визи за одење на аџилак.

За време на одржаниот состанок со премиерот Зоран Заев во месец јули, претставниците на Католичката црква ја изразија својата загриженост, поради бавната процедура за издавање визи и дозволи за престој во земјата за нивните свештени лица од странство.

Според информациите од КОВЗРГ, Комисијата издавала одобренија за работа на сите странски мисионери и свештени лица, кои имале поднесено барања за реализација на верски активности во текот на годината.

Дел 3. Состојба во однос на почитувањето на верските слободи во општеството

Припадниците на Бектешката заедница и понатаму продолжија во полицијата да пријавуваат инциденти на малтретирање од страна на лица поврзани со ИВЗ, а кои престојуваат во Арабати Баба теќето (светилиште) во Тетово. Во месец март, ИВЗ прогласи целосна сопственост над теќето и ги објави плановите за негово реновирање, во партнерство со Турската агенција за соработка и координација. Претставниците на Бектешката заедница ја изразија својата загриженост, дека реновирањето на теќето ќе значи и нивно целосно отстранување од комплексот. Нивните претставници тврдеа дека тие самите, а и другите посетители на теќето се честа мета на вербално малтретирање и дека од нив се бара да го напуштат теќето. Бектешката заедница не е во состојба самата да побара признавање на сопственоста над комплексот, затоа што и понатаму не е соодветно регистрирана.

Имаше неколку случаи на антисемитски говор на социјалните и во печатените медиуми. Во една од тие ситуации, во социјалните медиуми се појавија тврдења на поединци, дека еден истакнат американски бизнисмен од еврејско потекло бил соработник на нацистите во процесот на истребување на Евреите во текот на Втората светска војна. Во еден друг случај, во јануарското издание на неделникот *Република*, во напис под наслов “Божествениот Луцифер”, истиот тој бизнисмен беше опишан како “нацистички Евреин”. Во месец март, претставниците на Еврејската заедница пријавија дека во дворот од зградата во која се наоѓаат службените канцеларии на Еврејската заедница, биле фрлени печатени материјали со антисемитска содржина, на кои имало кукасти крстови и било напишано “Евреи одете си”.

Невладината организација Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија, ја продолжи соработката со Министерството за образование во однос на реализацијата на образовните програми за Холокаустот и еврејската историја, како и за целите на унапредување на меѓуверската соработка. Преку овој проект, наставниот кадар во средните училишта беше оспособен да реализира предавања за учениците, на темата на Холокаустот и еврејската историја. Во Меморијалниот центар на Холокаустот на евреите од Македонија, инаку музеј изграден благодарејќи на членовите на еврејската заедница и државата, во спомен на 7,200 евреи испратени во кампот на смртта Треблинка, во соработка со Министерството за образование, исто така, се спроведуваа образовни програми за Холокаустот, а беа организирани и неколку регионални семинари за еврејската култура, толеранцијата и почитувањето на различностите, со учесници од Бугарија, Србија, Словенија, Босна и Херцеговина и Грција. Според

резултатите од анкетата на Брима Галуп објавени во месец април, 84 проценти од населението во земјата се изјасниле како "религиозни" луѓе, а 10 проценти се изјасниле како "нерелигиозни". Анкетата беше спроведена во периодот меѓу 25 ноември и 2 декември 2016 година и во неа беа вклучени 1,210 испитаници, на возраст од 15 години и постари.

Беа пријавени неколку инциденти на вандализам насочен против различни верски објекти и локации. МПЦ-ОА известуваше за вандалски акти извршени врз православните цркви, вклучувајќи го и обидот, во месец февруари, да се подметне пожар на влезната врата од црквата во Сарај. Во месец септември, непознати лица фрлаа камења врз православната црква во Чаир, а непознати вандали ограбија една џамија и една православна црква во Струга. Во јануари и ноември, непознати сторители ги украдоа црквените ѕвона од православните цркви во Кочани и Сарај. Претставниците на ИВЗ изјавија дека не сакаат да им даваат преголем публицитет на ваквите ситни инциденти, затоа што во спротивно, истите би можеле да предизвикаат екстремизам и влошување на состојбата. Во месец јули, непознати сторители искршија и испрскаа со спрејови повеќе надгробни камења на гробиштата во скопското село Љуботен. ИВЗ го осуди вандализмот нарекувајќи го "кукавички акт на провокација", кој има за цел да ѝ наштети на кохабитацијата.

Според податоците на МПЦ-ОА, во текот на годината, во православните цркви низ целата земја се имаат случено повеќе од десетина кражби. Во најголем дел, станува збор за кражби на парите собрани од донации. Во месец септември, во полицијата беше пријавен и случај на кражба на пари од една џамија во Струга.

Дел 4. Политики и ангажман на Владата на САД

Амбасадорот на Соединетите американски држави, како и други службени лица од амбасадата, остварија средби со претставници од Владата и Собранието, како и со Претседателот на Собранието, на кои се разговараше за прашања поврзани со верските слободи и толеранцијата. Во месец јуни, Амбасадорот оствари средба со тогашниот Министер за правда Билен Салији, на која разговараа за новите законски одредби за говорот на омраза и кривичните дела од омраза, вклучувајќи ги и оние што се засновани врз верата. На темите на меѓуверска толеранција, важноста на постоење отворен дијалог и борбата против верски заснованиот насилен екстремизам, Амбасадорот зборуваше со високите државни функционери, вклучувајќи го и премиерот Зоран Заев, Министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски и новиот Национален координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам Борче Петревски.

Во месец јуни, Амбасадорот беше домаќин на Ифтар (вечерен оброк) за верските лидери, претставниците од локалната и централната власт, службените лица што се вклучени во борбата против верски заснованиот насилен екстремизам и активистите од граѓанскиот сектор. Во своето обраќање, Амбасадорот ја искажа својата поддршка за ширење на верската толеранција и заштита на верските слободи.

Амбасадорот и другите службени лица од амбасадата, остварија повеќе средби со поглаварите на ИВЗ и МПЦ-ОА, на кои се говореше за прашања поврзани со верската слобода, како и за наводите за мешање на политиката и фаворизирањето на одредени верски групи и напорите за борба против насилниот екстремизам, поврзан со религијата. Во месец јуни, Амбасадорот се сретна со поглаварот на Евангелско Методистичката црква во Струмица, за да ја пренесат јавната порака на поддршка за толеранцијата и почитувањето на верските разлики. Во месец јуни, делегацијата составена од претставници од Министерството за надворешни работи и амбасадата на САД, се сретнаа со поглаварот на ИВЗ Сулејман Реџепи и имамите од Скопје и Тетово, за да поразговараат за можните начини на борба против верски заснованиот насилен екстремизам и различните можности за унапредување на верската толеранција. Службени лица од амбасадата се сретнаа и со претставниците од помалите верски заедници, како што се Бектешите, Христијаните-Евангелисти и Мормоните, како и со претставниците од граѓанските организации, вклучувајќи го Хелсиншкиот комитет и невладината организација Балкански институт за вера и култура, дискутирајќи за можните начини за унапредување на верската слобода и толеранција. За таа цел, во месец октомври беше организирана и регионална конференција по повод 500-годишнината од Протестантската реформација, на која зедоа учество различни верски претставници, научници и новинари.

Во месец март, висок службеник од Министерството за надворешни работи на САД го посети Скопје и оствари работни средби со претставници од владините министерства, ИВЗ, МПЦ, верските малцинства, академици и аналитичари, во текот на кои се говореше за верските слободи во земјата. Темите на дискусија ги вклучуваа и прашањата поврзани со регистрацијата, повратот на имот, верското образование во училиштата, почитувањето и третманот на малцинските верски групи од страна на државните органи и меѓуверскиот дијалог.

Амбасадата обезбеди поддршка за Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија преку една дотација, која беше искористена за финансирање на семинар за наставниот кадар, на тема Сефардска еврејска историја и Холокаустот. Четириесет и пет наставници од основните и професори од средните училишта со различно етничко потекло од целата земја и регионот, научија како да ги подучуваат своите ученици за животот на евреите пред војната и Холокаустот, користејќи ја дигиталната технологија и социјалните медиуми. Семинарот претставуваше и одлична можност за споделување на најдобрите практики во спроведувањето на образовните програми за Холокаустот во училиштата.

Амбасадата ги покри трошоците за тројца учесници на меѓународната летна академија, каде се обработуваа темите на образование во врска со Холокаустот, еврејската историја во текот на 20-иот век и граѓанското општество, која се одржуваше во Будимпешта и Белград.

Амбасадата се јави и во улога на спонзор на посетата на Соединетите држави од страна на седум лидери од локалните заедници и граѓанскиот сектор, претставници од локалната власт и еден претставник од Министерството за внатрешни работи, а во врска со проекти што се фокусирани на реакциите и преземените мерки во рамки на

заедниците, како одговор на насилниот екстремизам, како и на унапредувањето на верската толеранција.

Амбасадата влезе во партнерство со група новинари и професионални филмски работници, со цел, да се изработи и емитува една документарна серија во која ќе бидат прикажани взаемната толеранција и мултикултурниот карактер на етничките, јазичните и верските заедници во земјата. Серијата со наслов *На иста страна*, се состои од 30 минутни епизоди со двојазична содржина на македонски и албански јазик. Во неа зедоа учество истакнати членови на верските заедници, научници, професори и граѓани од најразлични локации насекаде низ земјата. Оваа серија, чија втора сезона е моментално во тек, се емитуваше на телевизија Сител, најголемата телевизиска куќа во приватна сопственост во државата.